Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а во врска со член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година)

Советот на Општина Велес на седница одржана на 17.10.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

### Член 1

Општина Велес распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

### Член 2

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

### Член 3

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-4068/34
18.10.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа;
- ЈКП ,,Дервен“ Велес и
- Списи и архива.